МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>> 25 ГОДИНИ

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

cnvos
Centre for Information Service, Co-operation and Development of NGOs

# УПАТСТВО ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

## Јавен повик до граѓански организации за доделување грантови

**Програма: „**Одржливо граѓанско општество: државно финансирање за граѓански организации“

**Проект:** „Добро управување во граѓанските организации“ 18 11 ДФГ 201

**Период на спроведувањето:** 2018–2021 г.

**Референтен број:** 11-208/2-2018

**Датум на објава на повикот:** 16 април 2018

**Краен рок за аплицирање**: 15 мај 2018, до 17 часот

Програма за структура и поддршка на граѓанското општество и медиуми 2016-2017
Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

Програма „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на ГО“
Финансирана од Европската Унија
Договор бр. ИПА/2017/393-196

## Забелешка

Шемата за регрантирање во рамките на програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање за граѓански организации“ (во понатамошниот текст: Програмата) со период на спроведување од 2018 до 2021 г. поддржува три типови грантови:

1. Грантови за унапредување на внатрешните структури на управување;
2. Грантови за транспарентност;
3. Грантови за мрежи на граѓански организации за зајакнување и саморегулација.

Овој јавен повик за доделување грантови за граѓански организации се однесува на првиот тип грантови, односно грантови за унапредување на внатрешните структури на управување. [1]

[1]Конечниот број на доделени грантови ќе зависи од квалитетот на добиените апликации.

# Содржина

1. ПОЗАДИНА НА ПОВИКОТ ... 5
1.1. Контекст ... 5
1.2. За програмата ... 5
1.3. За повикот: цели и резултати ... 6
1.3. Расположливи средства ... 7
1.4. Кофинансирање ... 7
2. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ ... 8
2.1. Кој може да аплицира ... 8
2.2. Активности ... 8
2.2.1. Подобни активности ... 8
2.3. Трошоци ... 10
3. АПЛИЦИРАЊЕ ... 11
3.1. Потребни документи за аплицирање ... 11
3.2. Краен рок и начин на поднесување ... 12
3.3. Комплетирање на формуларот ... 13
3.4. Линија за поддршка во процесот ... 13
3.5. Прелиминарна временска рамка ... 14
4. ОЦЕНКА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИТЕ ... 14
4.1. Административна проверка ... 14
4.2. Проверка за подобност ... 15
4.3. Оценка за квалитет ... 16
5. ПРИЛОЗИ ... 17

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| БЦСДН | Балканска мрежа за развој на граѓанското општество |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЗФ | Закон за здруженија и фондации |
| МЦМС | Македонски центар за меѓународна соработка |
| ЦНВОС | Центар за информирање, соработка и развој на граѓанските организации од Словенија |

# 1. ПОЗАДИНА НА ПОВИКОТ

## 1.1. Контекст

Граѓанското општество низ целиот свет игра важна улога во промовирањето на демократијата и развојот на човештвото. За да ја исполнат својата улога на лидери за развој, граѓанските организации треба да бидат вкоренети, одржливи и влијателни актери во општествените процеси на локално, на национално и на регионално ниво. Несомнено, одржливоста на граѓанскиот сектор е предуслов за напорите на организациите во обезбедувањето демократски и економски просперитет на земјата.

Граѓанските организации имаат за цел да обезбедат најдобри можни услуги за своите корисници и другите заинтересирани страни. Бидејќи организациите сè почесто се вклучени во соработка со јавниот и со приватниот сектор, сè почесто од нив се очекува да покажат дека обезбедуваат квалитетни услуги, но и дека ефикасно управуваат со своите организации дури и во тешки и предизвикувачки околности. Воспоставување систем на добро управување, саморегулација, отчетност и транспарентност бара посветеност, планирање и инвестирање на одредени ресурси. За возврат, граѓанските организации кои работат отчетно, транспарентно и ја базираат својата работа на принципите за добро управување се препознатливи, влијателни и успешно ја остваруваат својата мисија.

## 1.2. За програмата

Програмата „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓански организации“ ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) и Центарот за информирање, соработка и развој на граѓанските организации (ЦНВОС) од Словенија, во периодот од 2018 до 2021 г. Програмата е финансирана од Европската Унија (ЕУ). Програмата е во согласност со насоките на ЕУ за поддршка на граѓанското општество, видете повеќе на следниот линк: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/civil_society/doc_guidelines_cs_support.pdf.

Општата цел е создавање овозможувачка околина која придонесува граѓанските организации да бидат независни и влијателни актери во општеството. Цел на програмата е ефективни, транспарентни и отчетни граѓански ораганизации кои дејствуваат во поддржувачка финансиска околина.[2]

### 1.3. За повикот: цели и резултати

Целта на овој повик е да овозможи зајакнување на капацитети на граѓанските организации за транспарентно и отчетно работење. Поднесените предлог-проекти на организациите во рамките на овој повик треба да придонесат за постигнување на некој или на сите од следните резултати:

1. Подобрени внатрешни структури на управување на граѓанските организации согласно принципите на добро владеење;
2. Регулирање на транспарентноста, отчетноста, одговорноста, партиципативниот и демократскиот начин на донесување одлуки во работата на граѓанските организации;
3. Ревизија на веќе постоечките документи, правилници и системи за внатрешно управување и нивно подобрување.

Во своето работење граѓанските организации се соочуваат со сè поголем притисок од страна на донаторите и јавноста да покажат транспарентност и отчетност во своето работење. Преку воведувањето внатрешни системи и процедури за добро управување, организациите ќе обезбедат гаранција за своето работење кон своите донатори и крајни корисници. Дополнително, воспоставените внатрешни системи за добро управување ќе придонесат организациите да бидат поефикасни и успешни во реализацијата на своите проекти и активности, како и да стекнат доверба кај пошироката јавност.

Посакувани крајни продукти од шемата за регрантирање:

---

[2] Види повеќе за целата програма на: http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/programi/1977-odrzhlivo-gragjansko-opshtestvo-drzhavno-finansiranje-za-gragjanskite-organizacii.html

- воспоставени организациски структури во согласност со принципите на добро управување;
- донесени документи и правилници за регулирање на внатрешните односи, вклучително и конфликтот на интереси;
- современи одредби во организациските документи за транспарентност и отчетност во работењето на организациите;
- донесени документи и правилници за управување со финансиските процедури;
- донесени документи и правилници за раководење со човечките ресурси;
- сертификација на воспоставените системи и практики за добро управување;
- развиен стратешки пристап во работата врз основа на консултации со конституентите.

## 1.3. Расположливи средства

Целокупниот износ на финансиски средства кој е на располагање во рамките на овој повик изнесува 75.000 евра.

Минимален износ за кој може да се достави предлог-проект е 5.000 евра (307.500 МКД), додека максимален износ е 7.500 евра (461.250 МКД).

МЦМС го задржува правото да не подели дел или сите расположливи средства и истите да ги пренамени за идни повици.

Ќе бидат поддржани предлог-проекти кои траат минимум 12 месеци и максимум 18 месеци. Периодот на спроведување ќе биде прецизно договорен со потпишување на договорот за грант.

## 1.4. Кофинансирање

За овој повик организациите кои ќе поднесат предлог-проект треба да обезбедат кофинансирање. Грантот ќе покрие 90% од вкупните трошоци.

# 2. КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

## 2.1. <u>Кој може да аплицира</u>

Апликанти може да бидат домашни организации кои се формирани согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) и кои ги исполнуваат следните услови:

- да се регистрирани најмалку две години пред објавата на повикот;
- да подготвиле и објавиле финансиски и наративен извештај за 2016 и 2015 г.;
- да спровеле најмалку две организациски и/или проектни ревизии во последните три години.

Една организација може да поднесе само еден предлог-проект во рамките на повикот. Целосната апликација се пишува на македонски јазик.

## 2.2. <u>Активности</u>

### 2.2.1. Подобни активности

Грантовите преку Програмата ќе бидат доделени за активности кои ќе придонесат за остварување на целта на повикот, односно за зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за нивно транспарентно и отчетно работење.

Активностите наведени подолу се само пример за подобни активности, но не се ограничени само на овие видови активности:

- за корекција и приспособување на веќе постоечки документи и правилници за добро управување, како што се внатрешни политики за организациско управување, усогласување со актуелните законски прописи, правилници за работни односи, кодекс на однесување, формати за извештаи, извештаи за патувања и теренски посети, записници итн., но и за подготвување нови;
- надворешна ревизија на внатрешни стратешки документи за поставената организациска структура;
- воведување системи (правилници) за раководење со финансиски и сметководствени процедури;

- зајакнување на внатрешните политики за раководење со човечките ресурси, воспоставување системи за оценка на работните достигнувања, за стручни усовршувања;
- зајакнување на внатрешната кохезија на организацијата преку градење на капацитетите на вработените согласно принципите за добро управување;
- работилници за подготовка на стратешки документи за воспоставување/подобрување на организациската структура;
- студиски посети или практиканство во граѓански организации надвор од земјата кои имаат воспоставен систем за добро управување со цел да се овозможи размена на искуства и учење за воспоставување такви системи во организациската структура на граѓанските организации во земјата;
- за обезбедување експертска поддршка за воведување систем за управување со квалитетот во организациите, како на пример ИС0 9001 и негова стандардизација (доколку е применливо);
- скроени обуки, менторство и водење за потребите на организацијата, а во функција на активностите наведени погоре.

Апликантите не треба да се фокусираат само на еден тип активности. Активностите предвидени во предлог-проектите треба да бидат операции кои укажуваат на кохерентен комплет на активности со јасно определени цели и планирани резултати. Соодветни активности кои не се споменати погоре, но се јасно поврзани со целта и резултатите на повикот, ќе бидат земени предвид. Проектниот тим на МЦМС по потреба ќе работи со организациите за подобрување и усогласување на предлог-проектните активности со Програмата.

**Напомена 1**

За организациите кои ќе бидат корисници на грантови се препорачува да се вклучат и во други активности кои се дел од програмата како целина, а се организирани и спроведувани од страна на спроведувачите на Програмата, како на пример:

- Да земат учество во заеднички настани за промоција на грантистите;
- Да земат учество во серија обуки наменети за јакнење на капацитетите и знаењата;
- Да земат учество во настани за вмрежување, конференции и работилници;
- Доколку е потребно, да бидат менторски водени за време на спроведувањето на предлог-проектите;
- Да го пренесат своето стекнато искуство во облик на менторство за подобрување на транспарентноста и отчетноста на најмалку две други ГО.

## 2.3. Трошоци

Во рамките на овој повик вообичаените оперативни трошоци ќе бидат подобни, вклучително:

- трошоци за бруто-плата за персоналот вклучен во реализирањето на предлог-проектите;
- патни трошоци поврзани со активностите во проектот, вклучувајќи локални и меѓународни патни трошоци;
- директни трошоци настанати за време на фазата на спроведување на предлог-предложените активности (вклучително и трошоци за надворешни лица/експерти од кои ќе се побара стручна поддршка);
- канцелариски трошоци кои се релевантни за предложените активности.

Во рамките на овој повик нема да се сметаат за подобни следните трошоци:

- за студиски посети ако студиски посети се единствена активност во проектот;
- трошоците кои се финансирани од друга програма и донатор;

- предлог-активности кои предвидуваат лична заработка и корист;
- за купување возила и мебел;
- за купување или реновирање недвижнини;
- за купување ИТ опрема;
- за давање кредити на трети лица;
- за загуби при размена на валути;
- за финансирање политички партии и избори;
- за ретроспективно финансирање;
- за финансирање на трети лица и долгови и давачки за подмирување долгови.

# 3. АПЛИЦИРАЊЕ

## 3.1. Потребни документи за аплицирање

Апликацијата за овој повик треба да ги содржи уредно пополнети следните документи:

- Формулар за аплицирање кој се состои од следните делови: општи податоци, информации за апликантот, кратко резиме на проектот, предлог-проект, изјава на апликантот и листа на проверка (преземи го формуларот тука);
- Буџет (преземи го форматот за буџет тука);
- Прашалник за самооцена на внатрешните организациски системи за управување. Прашалникот се пополнува електронски и истиот ќе биде достапен за пополнување до крајниот рок објавен во „Повикот за доделување грантови“, 15 мај 2018 г. на следниот линк. Имајте предвид дека доколку не го пополните прашалникот електронски и направите испраќање (submit), Вашата апликација нема да биде земена предвид. Прашалникот, исто така, го имате и во верзија PDF, но само да ви послужи за подобар увид пред да го пополните и испратите по електронски пат (преземи го прашалникот во PDF тука). Целта на прашалникот е да Ви помогне да

добиете појасна слика за Вашата организациска структура и систем на управување кога ќе го подготвувате предлог-проектот, прочитај повеќе во самиот прашалник;

- Копија од тековната состојба не постара од 6 месеци;
- Копии од наративните и финансиските извештаи за 2016 и 2015 година;
- Копија од ревизиските извештаи;
- Како додадена вредност на апликацијата организациите се повикуваат да достават и копии од пишани документи и/или правилници за уредување на раководството во организацијата (поделба на органите, правила за раководење со човечки ресурси, правила за финансиско раководење, и сл.).

## 3.2. Краен рок и начин на поднесување

Рокот за поднесување на апликацијата е **15 МАЈ 2018** г. најдоцна до 17 часот. Апликациите доставени по овој рок нема да бидат разгледувани. Апликациите може да се достават по пошта исклучиво со препорачано писмо, по курир или лично на рака на следната адреса:

| |
|---|
| **Македонски центар за меѓународна соработка** |
| **Ул. „Никола Парапунов“ бр. 41А,** |
| **пошт. фах 55, 1060, Скопје** |
| **(види ја локацијата на мапата).** |

Апликациите мора да бидат доставени во еден запечатен плик со истакнати:

- Име на организацијата:
- Адреса на организацијата:
- Референтен број на повикот: 11-208/2-2018
- Зборовите: „ДА НЕ СЕ ОТВОРА ПРЕД СЕСИЈАТА ЗА ОТВОРАЊЕ“

Запечатениот плик треба да содржи:

- Една апликација во оригинал со сите придружни документи (види во делот 3.1.);
- Две копии на оригиналот;

- Електронска верзија на апликацијата на CD или на USB во верзија Word којашто мора да биде идентична со печатената верзија.

За апликациите кои ќе бидат доставени лично и преку курир приемот ќе биде евидентиран од вработените во МЦМС со соодветна потврда со датум и време на приемот. Датумот и часот на препорачаното писмо ќе се сметаат за релевантен доказ за поднесување во зададениот рок. Апликациите примени по електронски пат (е-пошта) нема да бидат разгледувани.

### 3.3. Комплетирање на формуларот

Сите делови на формуларот мора да бидат комплетирани. Формуларот мора да биде пополнет на компјутер. Формуларот кој ќе биде пополнет рачно нема да се земе предвид. За време на пополнувањето на формуларот користете македонска поддршка. Внимавајте да не ги бришете насоките и коментарите во формуларот. Внимавајте да ја почитувате бараната должина на текстот за секој дел од формуларот, насоките се дадени во самиот формулар. Користете фонт „Ariel" со големина 11. Се препорачува формуларот да го печатите двострано.

### 3.4. Линија за поддршка во процесот

Доколку имате дополнителни прашања во врска со повикот, истите може да се достават на jch@mcms.mk со назнака: Референтен број 11-208/2-2018, најдоцна до 10 мај 2018 г. Поставените прашања и одговорите ќе бидат достапни на www.mcms.mk.

Дополнително ќе се организира една информативна сесија на 26 април (четврток) 2018 година од 12 до 14 часот во просториите на МЦМС. Ве молиме задолжително да го најавите своето присуство за информативната сесија најдоцна до 24 април (вторник) на jch@mcms.mk.

Се поттикнуваат организациите ажурно да ја следат веб и фејсбук-страницата на МЦМС за да добијат навремени информации за веќе поставените прашања и одговори.

### 3.5. Прелиминарна временска рамка

| *Објава на повикот* | **16 април 2018** |
|---|---|
| *Информативна сесија* | 26 април 2018 |
| *Краен рок за поставување прашања* | 10 мај 2018 |
| *Краен рок за поднесување апликации* | **15 мај 2018 до 17 часот** |
| *Известување за доделени грантови и одбиени пријави* | 14 јуни 2018 |
| *Потпишување договори* | јуни 2018 |

Имајте предвид дека оваа рамка може да се промени, ги поттикнуваме организациите редовно да се информираат преку веб-страницата www.mcms.mk.

Согласно одлуката, секоја организација ќе добие писмено известување за статусот на својата апликација. Содржината на апликациите нема да биде достапна за пренесување на трети лица.

## 4. ОЦЕНКА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИТЕ

Поднесените предлог-проекти подлежат на административна проверка, проверка на подобност и оценка за квалитет. Предлог-проектите мора да поминат прво низ административна проверка и проверка за подобност за да можат да се оценуваат за квалитет. Оние предлог-проекти кои нема да ги исполнат сите услови од административната проверка и проверката за подобност, нема да бидат оценувани за квалитет.

### 4.1. Административна проверка

- ✓ **Краен рок**: ако пријавата е доставена во зададениот краен рок, датум и час, ќе се прифати, ако не е, пријавата ќе се одбие (иако може да биде примена);
- ✓ **Формулар за аплицирање:** формуларот е поднесен во бараниот образец и е целосно пополнет согласно дадените насоки;
- ✓ **Буџет:** буџетот е поднесен во зададениот формат согласно дадените насоки;

- ✓ **Прашалник за самооцена**: прашалникот е уредно пополнет и испратен електронски;
- ✓ **Јазик:** поднесениот формулар е поднесен на македонски јазик;
- ✓ **Оригинал и копии:** поднесената апликација, испечатена, е поднесена во 1 оригинал и во 2 идентични копии и со 1 копија во електронска форма на CD или на USB;
- ✓ **Изјава:** изјавата е уредно потпишана од одговорното лице;
- ✓ **Прилози:** сите прилози се уредно доставени;
- ✓ **Листа за проверка:** уредно пополнета и комплетна.

### 4.2. <u>Проверка за подобност</u>

- ✓ **Апликант:** организацијата е регистрирана во земјата согласно ЗЗФ;
- ✓ **Апликант:** една организација се јавува со еден предлог-проект;
- ✓ **Тековна состојба**: тековна состојба не постара од 6 месеци;
- ✓ **Годишни извештаи:** доставени се финансиски и наративни извештаи за 2016 и 2015 година;
- ✓ **Ревизија:** доставени се ревизиски извештаи;
- ✓ **Барање за грант:** предлог-буџетот вклучува барање за грант помеѓу 5.000 евра (307.500 МКД) и 7.500 евра (461.250 МКД);
- ✓ **Временска рамка:** временската рамка за спроведување на активностите во предлог-проектот трае не помалку од 12 и не повеќе од 18 месеци;

**Додадена вредност:** доколку организацијата има пишани документи и/или правилници за уредување на раководството во организацијата (поделба на органите, правила за раководење со човечки ресурси, правила за финансиско раководење, и сл.) може да достави копии.

## 4.3. Оценка за квалитет

| Критериуми за оценка | Број на бодови |
|---|---|
| **1. Организациски капацитет за спроведување на предлог-проектот** | **20** |
| 1.1 Дали организацијата има доволно искуство во проектен менаџмент? | 5 |
| 1.2 Дали организацијата има техничка експертиза? (познавање за темите кои требада бидат посочени) | 5 |
| 1.3 Дали организацијата има капацитет за управување? (вклучувајќи вработени лица, опрема и способност да раководи со буџетот) | 5 |
| 1.4 Дали организацијата има континуирани извори на финансирање? | 5 |
| **2. Релевантност на предлог-проектот со дефинираните цели и резултати на повикот** | **20** |
| 2.1 Дали предлог-проект е во согласност со поставените цели и очекувани резултати наведени во повикот? | 10 |
| 2.2 Дали организацијата дава јасна слика на воспоставениот систем на управување на организацијата? (прашалник за самооцена) | 10 |
| **3. Опис на предлог-проектот (општа цел, специфична цел, резултати, активности, план)** | **30** |
| 3.1 Дали предложените активности се соодветни, практични и во согласност со поставените цели и резултати? | 10 |
| 3.2 Дали акцискиот план е јасен и изводлив? | 10 |
| 3.3 Дали постојат јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата? Дали е планирана евалуација? | 10 |
| **4. Претходно преземени акции за добро управување, транспарентно и отчетно работење. Целта е да се утврди посветеноста на апликантот да обезбеди транспарентност и отчетност за пошироката јавност и донаторите.** | **15** |
| 4.1 Дали организацијата има претходно преземено акции за отчетно работење? | 10 |
| 4.2 Дали организацијата има пишани документи и/или правилници за уредување на раководството во организацијата (поделба на органите, правила за раководење со човечки ресурси, правила за финансиско раководење, и сл.) | 5 |
| **5. Буџет и ефикасност на трошоците** | **15** |
| 5.1 Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот? | 5 |
| 5.2 Дали односот помеѓу предвидените трошоци и очекуваните резултати е соодветен? | 10 |
| **ВКУПНО** | **100** |

## 5. ПРИЛОЗИ

**Прилог 1**. Формулар.

**Прилог 2**. Буџет.

**Прилог 3**. Прашалник за самооцена. Напомена: прашалникот се пополнува и испраќа (submit) електронски.